| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за санација и стабилизација на свлечишта кај село Бозовце, КО Бозовце и КО Бозовце вон град, општина Тетово |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | ГЕИНГ ДОО, Скопје |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Министерство за транспорт и врски |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | м-р Верица Јошеска, диа |
| **Назив на работното место** | Планер |
| **Контакт податоци за лицето** | ул. Борис Трајковски бр. 111, 1000 Скопје<br>тел. 072/255-178 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Урбанистичкиот проект (во понатамошниот текст УП) ќе се изработи во согласност со Услови за планирање на просторот, Проектна програма, увид на лице место, ажурирана геодетска подлога, податоци и информации од Јавните претпријатија, а се во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), како и друга релевантна законска регулатива. | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Да X<br>Не ☐ | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| Проектниот опфат не е во граници на други постојни плански документи односно за оваа област не се претходно изработувани други плански документации или Услови за планирање на просторот, согласно известување добиено од општина Тетово бр. 10-13834/2 од 01.12.2022г.<br>Услови за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ за санација и стабилизација на свлечишта кај село Бозовце, КО Бозовце и КО Бозовце вон град, општина Тетово се однесуваат за површина од 9,95ha (Тех. бр.Y49122 од ноември 2022). Дел од оваа површина е и проекниот опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за санација и стабилизација на свлечишта кај село Бозовце, КО Бозовце и КО Бозовце вон град, општина Тетово со површина од 4,23ha. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| Да - просторното и урбанистичкото планирање и користењето на земјиштето | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| | | | |
| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Не. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Да – површината на областа која е предмет на овој проект е 4.23ha | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за санација и стабилизација на свлечишта кај село Бозовце, КО Бозовце и КО Бозовце вон град, општина Тетово се | | | |

| |
|---|
| изработува за санација и стабилизација на свлечиште.<br>Врз база на теренската проспекција, геоморфолшките карактеристики на теренот и извршените истраги и анализи на постојнатата документација за предметната локација може да се заклучи дека нестабилностите се од комплексен карактер, односно во текот на зимските и пролетните периоди наносениот материјал се водозаситува од површински и подземни води, со што материјалот губи дел од своите јакосно-дефомабилни и механички својства и почнува да течи по косините. Како дополнителен проблем на нестабилната зона се тектонските пореметувања и близината на раседните зони во таа област. За таа цел проектирани се низа мерки за стабилизирање на нестабилната зона. Како примарна задача на овие мерки е заштита на населението во с.Бозовце од природни катастрофи, а секундарна задача е да го стабилизира теренот за одреден степен. На предметната локација предвидени се неколку типови на мерки и тоа: мерки со кои се врши зафаќање на површинската вода од атмосферски талог и површински текови, мерки за евакуација на подземни води и спроведување надвор од нестабилната зона, мерки за зафаќање на евентуални одрони на нестабилни блокови и наносен материјал од погорните зони на течиштето, мерки за подобрување на локалната стабилност на течиштето и намалување на брзините на проток на еродиран материјал и шумски нанос.<br>За оваа предметна локација дадена е следната техничка приоретизација на технички мерки кои треба да се применуваат за стабилизација на нестабилната зона.<br>Тип 1: дренажни канали и мерки за одводнување, мерки со многу висок приоритет -<br>Тип 2: биоинженерски мерки, мерки со висок приоритет<br>Тип 3: потпорни ѕидови, мерки со среден или низок приоритет<br>Од погоре опишаното за предметната локација предвидени се комбинации на мерки кои би оделе во фази на изведба, а се со цел да извршат што е можно поголема стабилизација на свлечиштето. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 2023 година. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| / |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за санација и стабилизација на свлечишта кај село Бозовце, КО Бозовце и КО Бозовце вон град, општина Тетово се наоѓа северозападно од населеното место Бозовце во Општина Тетово на надморска височина од 1320-1570 метри. |




Селото Бозовце, општина Тетово се наоѓа во во водостопнаското подрачје “Полог” кое го опфаќа сливот на р. Вардар од изворишниот дел од водомерниот профил “Радуша”. Во сливот на р.Вардар регистрирани се 19 извори а еден од нив е изворот Рашче за кој е донесена “Одлука за определување на заштитни зони за заштита на водозафатниот објект извор “Рашче”, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ” каде се дефинирани четири заштитни зони. Предметниот опфат се наоѓа во третата заштитна зона (зона на хигиенско и епидемиолошко следење и наблудување) на изворот Рашче. Санацијата и стабилизацијата на свлечиштето кај село Бозовце предвидени со овој УП се во прилог на мерките и условите за заштита на извориштето Рашче.
Со изведба на УП ќе се предизвикаат позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и економски ефекти.

**Местоположба на локацијата во однос на границите на заштитните зони на изворот Рашче**




Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за санација и стабилизација на свлечишта кај село Бозовце, КО Бозовце и КО Бозовце вон град, општина Тетово се наоѓа во Национален парк Шар Планина и мал дел од просторот навлегува во предложен за заштита споменик на природната Река Пена со што при изработка на оваа документација се внимава да не дојде до нарушување на вредностите на заштитеното природно наследство и се почитуваат одредбите согласно Законот за заштита на природата и Законот за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк.

| |
|---|
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да<br>Не √ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☐<br>Не √ |

| |
|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните** |

<table>
<tr><td colspan="2">прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Генерално од процесот за стабилизација на свлечишта не се очекуваат значителни негативни влијанија врз квалитетот на животната средина. Можни се незначителни влијанија, кои потекнуваат од начинот на управување со: почва,мвоздух, бучава, отпад. За таа цел, подготвена е Програма за заштита на животната средина во која се предложени активности за надминување на можните недостатоци, како и временска рамка за нивна имплементација. Со имплементирање на предложените мерки во Програмата, ќе се постигне интегрирана заштита на животната средина.</td></tr>
<tr><td>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата</td><td>При реализација на планскиот опфат предвиден со планската документација се очекува движење на возила и механизација за изградба, но тоа е краткотрајно и нема битно да влијае врз животната средина во целост. Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот како подобрување на областа, заштита и намалување на ризикот од поплавување, ерозија и транспорт на наносот за населението и земјоделските површини низводно и одржување на одржлив развој на речниот екостистем, заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација на објектот се проценуваат како не значајни, но со долгорочен карактер, имајќи го предвид фактот дека планираниот објект долгорочно ќе опстојува на оваа локација.</td></tr>
<tr><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето</td><td>Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето.</td></tr>
<tr><td>Прекугранична природа на влијанијата</td><td>Нема.</td></tr>
<tr><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)</td><td>Нема ризик по животот и здравјето на луѓето и животната средина, сите мерки кои се планираат со овој проект се за заштита, подобрување на околината и намалување на ризикот од несреќи кои ќе влијаат негативно</td></tr>
<tr><td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)</td><td>Површината на свлечиштето е 13.150 m2, а волуменот на масата во движење е 220.500m3. Должината на патната инфраструктура изложена на ризик е 800 m', а бројот на домови со висок степен на ризик е 175.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="2">Санацијата и стабилизацијата на свлечишта кај село Бозовце, општина Тетово во рамките на предвидениот опфат, се очекува да предизвика позитивни импулци и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредување на просторот, социо-економски развој.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одрживиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт. Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот како подобрување на областа, заштита и намалување на ризикот од поплавување, ерозија и транспорт на наносот за населението и земјоделските површини низводно и одржување на одржлив развој на речниот екостистем, заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>Мал дел од просторот кој е предмет на разработка за санација и стабилизација на свлечиште кај с. Бозовце, навлегува во предложен за заштита споменик на природата, река Пена. Овој дел од сливот се карактеризира со голем проток на шумски остатоци. Во минатото тука биле активни уште две големи свлечишта кои биле стабилизирани со изведба на канали за одводнување. Поради тоа, при изработката на Урбанистичкиот проект, обврска е да се предвидат одредби кои ќе се оденесуваат на предложениот за заштита споменик на природата, река Пена односно основна цел на оваа техничка документација да биде намалување на ризикот од поплавување, ерозија и транспорт на наносот за населението и земјоделските површини низводно и одржување на одржлив развој на речниот екостистем (слив на река Пена). Предметната локација се наоѓа во III заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) на изворот Рашче и како обврска при изработката на урбанистичката документација е задолжително почитување на одредбите во однос на заштитните зони на изворот Рашче. Санацијата и стабилизацијата на свлечиштето кај село Бозовце е во прилог на мерките и условите за заштита на извориштето Рашче. Согласно планот за управување со националниот парк Шар Планина кој е во завршна фаза на донесување, поголемиот дел од предемтната локација влегува во зоната на активно управува која претставува зона од висок интерес за заштита, во која се потребни управувачки интервенции со цел реставрација и одржување, ревитализација или рехабилитација на живеалиштата, екосистемите и другите елементи од пределот. Во зоната за активно управување се опфатени природни и полуприродни пасишта на кои се одвива традиционална испаша, и значајни шумски екосистеми на Шар Планина, во прв ред зачувани букови шуми, шуми со смрча и ела или мешани шуми</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | од зимзелени и листопадни видови, како и костенови шуми и некои рефугиијални шумски состоини. Во поглавјето 4.3.3. Дефинирање на зони, дозволени и ограничени активности, во планот за управување со националниот парк Шар Планина, во табела се наведени активностите кои можат/не можат да се спроведуваат во воспоставените зони на Националниот парк. Со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за санација и стабилизација на свлечишта кај с.Бозовце, КО Бозовце и КО Бозовце вгр, Општина Тетово ќе се предвидат дозволени активности и обврски кои можат да се спроведуваат и нема да влијаат негативно на воспоставените зони на Националниот Парк Шар Планина односно поставување на нова инфраструктура за контрола на ерозија со употреба на природни решенија во зоната на активно управување и во зоната на одржливо користење е дозволена активност. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Нема да се надминат стандардите за квалитет на животната средина и граничните вредности |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Проектната локација за која се работи Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за санација и стабилизација на свлечишта кај село Бозовце, К.О. Бозовце и К.О. Бозовце вгр - Општина Тетово, е претежно градежно неизградено земјиште, и има потреба од санација и стабилизација на свлечишта кај село Бозовце во Општина Тетово.<br>Од постојната состојба може да се забележи дека има постоен помошен објект 46.69м² односно 0.11%, постоен ободен канал 596.48м² односно 1.41%, а останатиот дел од проектниот опфат е неизградено земјиште со површина од 41.6661.34м² или 98.48%.<br>При изработка на планската документација локациите за сите содржини приоритет е заштита на земјоделското земјиште, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Мал дел од просторот кој е предмет на разработка за санација и стабилизација на свлечиште кај с. Бозовце, навлегува во предложен за заштита споменик на природата, река Пена. Овој дел од сливот се карактеризира со голем проток на шумски остатоци. Во минатото тука биле активни уште две големи свлечишта кои биле стабилизирани со изведба на канали за одводнување. Поради тоа, при изработката на Урбанистичкиот проект, обврска е да се предвидат одредби кои ќе се оденесуваат на предложениот за заштита споменик на природата, река Пена односно основна цел на оваа техничка документација да биде |

| | |
|---|---|
| | намалување на ризикот од поплавување, ерозија и транспорт на наносот за населението и земјоделските површини низводно и одржување на одржлив развој на речниот екостистем (слив на река Пена). Предметната локација се наоѓа во III заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) на изворот Рашче и како обврска при изработката на урбанистичката документација е задолжително почитување на одредбите во однос на заштитните зони на изворот Рашче. Санацијата и стабилизацијата на свлечиштето кај село Бозовце е во прилог на мерките и условите за заштита на извориштето Рашче. Согласно планот за управување со националниот парк Шар Планина кој е во завршна фаза на донесување, поголемиот дел од предемтната локација влегува во зоната на активно управува која претставува зона од висок интерес за заштита, во која се потребни управувачки интервенции со цел реставрација и одржување, ревитализација или рехабилитација на живеалиштата, екосистемите и другите елементи од пределот. Во зоната за активно управување се опфатени природни и полуприродни пасишта на кои се одвива традиционална испаша, и значајни шумски екосистеми на Шар Планина, во прв ред зачувани букови шуми, шуми со смрча и ела или мешани шуми од зимзелени и листопадни видови, како и костенови шуми и некои рефугиијални шумски состоини. Во поглавјето 4.3.3. Дефинирање на зони, дозволени и ограничени активности, во планот за управување со националниот парк Шар Планина, во табела се наведени активностите кои можат/не можат да се спроведуваат во воспоставените зони на Националниот парк. Со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за санација и стабилизација на свлечишта кај с.Бозовце, КО Бозовце и КО Бозовце вгр, Општина Тетово ќе се предвидат дозволени активности и обврски кои можат да се спроведуваат и нема да влијаат негативно на воспоставените зони на Националниот Парк Шар Планина односно поставување на нова инфраструктура за контрола на ерозија со употреба на природни решенија во зоната на активно управување и во зоната на одржливо користење е дозволена активност. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи.<br>Озеленување на површините со автохтони видови, со цел да се добие разновиден и богат пејзаж во една просторно естетска и функционална целина. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Преставува иницијатива и инструмент за заштита и унапредување на квалитетот на

| |
|---|
| живеењето и животната средина |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):** Подготвителни активности: во кои се вбројуваат расчистување на локацијата, отстранување на вегетацијата и подготовка на тлото; Градежни активности: во кои се вбројуваат земјаните активности (усеци, насипи, ископи или набивање на земјиштето и др.) и истите се однесуваат на сите елементи на изведба. Во тек на експлоатациониот период, редовните активности и активностите кои се превземаат во интервентни случаи (инспекција, поправки, замена на делови и сл.) би можеле да имаат негативно влијание врз животната средина. Времените објекти (кампови) кои би служеле како место во кое би престојувале работниците во периодот на извршување и спроведување на активностите, исто така претставуваат потенцијален извор на загадување на животната средина. Влијанија врз животната средина се одразуваат преку специфичните промени што се јавуваат во сите медиуми на животната средина. Промената на условите само во еден медиум може да предизвика промена во сите останати. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при санација и стабилизација на свлечишта кај с.Бозовце со идентификуван и манифестиран хазард И ризик за населението И локалната патна инфраструктура во Општина Тетово, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**<br>**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**<br>- Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при санација и стабилизација на свлечишта кај с.Бозовце во Општина Тетово, се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.<br>- Предметната локација се наоѓа во III заштитна зона на изворот Рашче, заради што се почитуваат одредбите пропишани во Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор "Рашче", мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ ("Службен весник на РСМ", број 3/21), кои се однесуваат на оваа зона.<br>- Озеленување на површините со автохтони видови, со цел да се добие разновиден и богат пејзаж во една просторно естетска и функционална целина. - Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата при изведба на планираните мерки во проектот, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.<br>- Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво, и други помошни објекти), кои ќе се користат во<br>фазата на санација и стабилизација на свлечишта кај с.Бозовце, ќе бидат лоцирани на поголеми растојанија од коритата на водотеците и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита природно наследство.<br>- Ќе се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот - при |

| |
|---|
| санацијата и стабилизацијата на свлечиштата кај с. Бозовце со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.<br>- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**<br>**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**<br>Основна цел на оваа техничка документација е намалување на ризикот од поплавување, ерозија и транспорт на наносот за населението и земјоделските површини низводно и одржување на одржлив развој на речниот екостистем (слив на реека Пена). Овој дел од сливот се карактеризира со голем проток на шумски остатоци (debris flow). Во минатото тука биле активни уште две големи свлечишта кои биле стабилизирани со изведба на канали за одводнување. Во периодот на создавање на релјефот, пред многу голем временски период случени се примарните свлекувања во оваа зона, врз самото свлечиште изградено е селото Бозовце, со текот на времето активирани се нови процеси на течење на наносен материјал од почвен и карпест материјал како и шумски остатоци кои се дефинирани како течишта (debris flow). На самата локација регистрирани се примарните и секундарните тензиони пукнатини по целата зона. Генерално моментално активни се течењата на материјалот кои се предизвикани од површинските и подземните води кои се интензивираат во зимските и пролетните периоди од годината. Површинската вода која дотекува по недефинирани водни текови во вид на потоци, во делови понира, особено во челните пукнатини и извира во подолните зони во телото на течиштето. Застапените материјали на локацијата се со слаби јакосно-деформабилни карактеристики, а исто така и неповолен пад на фолијацијата што дополнително го усложнува проблемот. Од технички аспект проектирање на потпорни конструкции за трајна санација на течиштето е исклучиво тешко и економски неисплатливо поради самата конфигурација на теренот, габаритот и димензии на нестабилната зона, а исто така предвидениот обем на истраги не е соодветен за таков тип на интервенција. Мерките кои ќе бидат предвидени во оваа техничка документација во суштина ја подобруваат локалната стабилност и претставуваат мерки за стабилизирање на нестабилната зоната, меѓутоа не го решава трајно проблемот |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br>Од причина што дадената локацијата за која што е наменета проектната програма навлегува во границите на просторот прогласен за заштита Национален парк Шар Планина, при изработка на урбанистичката документација неопходно е да се почитуваат и одредбите од Законот за прогласување на дел од Шар Планина за Национален парк (Службен весник на РМ бр. 151/2021) и планот за управување со националниот парк Шар Планина донесен од страна на Јавната установа Национален Парк Шар Планина, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за санација и стабилизација на свлечишта кај село Бозовце, К.О. Бозовце и К.О. Бозовце вгр - Општина Тетово согласно член 73 став 1 и 2 од од Законот за заштита на природата (Службен Весник на Република Македонија бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.151/21). |

| |
|---|
| Во овој проект се пропишани посебните мерки и активности за заштита на карактеристичните природни вредности и изворната состојба во која тие се наоѓаат. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за санација и стабилизација на свлечиште кај с. Бозовце во Општина Тетово, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот. Мал дел од просторот кој е предмет на разработка за санација и стабилизација на свлечиште кај с. Бозовце, навлегува во предложен за заштита споменик на природата, река Пена. Овој дел од сливот се карактеризира со голем проток на шумски остатоци. Во минатото тука биле активни уште две големи свлечишта кои биле стабилизирани со изведба на канали за одводнување. Поради тоа, при изработката на Урбанистичкиот проект, обврска е да се предвидат одредби кои ќе се оденесуваат на предложениот за заштита споменик на природата, река Пена односно основна цел на оваа техничка документација да биде намалување на ризикот од поплавување, ерозија и транспорт на наносот за населението и земјоделските површини низводно и одржување на одржлив развој на речниот екостистем (слив на река Пена).<br>Предметната локација се наоѓа во III заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) на изворот Рашче и како обврска при изработката на урбанистичката документација е задолжително почитување на одредбите во однос на заштитните зони на изворот Рашче. Санацијата и стабилизацијата на свлечиштето кај село Бозовце е во прилог на мерките и условите за заштита на извориштето Рашче. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br>Нема спроведено претходна оценка. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроводување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот. |

<table>
<tr><td>ИЗЈАВА</td><td colspan="2">Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот</td><td>Министер<br>Благој Бочварски</td></tr>
<tr><td colspan="2">Бр. 67-833/12<br>Датум: 15.12.2023 год.<br>Место: Скопје</td><td>М.П.</td></tr>
</table>